

Андон Стојанов (Ерџелија, Светиниколско, 1867 - Ќустендил, Бугарија, 15 април 1931) познат како *Доне Тошев* или *Дончо Штипјанчето* бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, член и деец на Македонската револуционерна организација.

Тој е роден на 20 април 1867 во Светинколското село Ерџелија.

Негови родители биле Стојан Илиев-Тоше и Мита. Учел шест години во бугарско егзархиско училиште во Штип, а потоа изучувал занат и од 14 години почнал да работи како кожар по селата. Тој активно учествувал во штипското егзархиско читалиште Дејателност каде се запознал со животите и делата на Васил Левски, Христо Ботев и други бугарски револуционери. Некаде околу 1888 година се оженил со Катерина(1863-1958).Таа била ќерка на иконом поп Апостол Поликарев(поп Паликарија) штипскиот делегат кој ја преставувал Ќустендилската епархија на Првиот Црковно-народен собор на Бугарската егзархија во 1871 година.

Братот на Катерина-Григор поп Апостолов бил учител во Кочани и во 1885 година бил

осуден поради обид за покренување на вооружена акција против Османлиската империја, а тој починал кон крајот на 80-те години во Диарбекир. Околу 1888 година таткото на Дончо бил убиен, и сега Дончо Штипјанчето требало да се грижи за целата фамилија , почнал да се занимава со кираџиство, односно за одредена сума на пари пренесувал разни стоки, а оваа работа му овозможила да оствари разни познанаства кој подоцна му помогнале во револуционерната дејност.

По создавањето на Штипскиот револуционерен комитет од страна на Дамјан Груев во учебната 1894/1895 година, Даме успеал да го придобие и Дончо на страната на Македонската револуционерна организација. Тодор Станков еден од членовите на комитетот го препорачал кај Гоце Делчев и тој станал негов курир.

Првата задача на Дончо во 1895 година, тогаш бил задолжен од страна на Гоце Делчев да ја осуети агитацијата на Александар Чакаров (родум од Велес) во името на Македонскиот комитет . Чакаров требало да покрене востание во Виничко но бил спречен во тоа. Од крајот на 1895 година Дончо покрај оружје, револуционерна литература и коресподенција започнал да пренесува за комитетите и бомби кој во тој период главно биле изработувани во бомболејарницата на Наум Туфекчиев во Софија.

Во април 1896 година Дончо бил фатен од страна на турските власти на влезот во Битола при пренесување на бомби, револвери и муниција. Од страна на турската власт бил подложен на најжестоки мачења но тој не издал никого. Тоа му дало можност на Гоце Делчев да се врати во Штип од планирано патување во Софија, тој бил испитуван од штипскиот кајмакам и бил притворен по еден месец во Скопје но набргу бил ослободен бидејќи немало докази за поврзаност со оружјето. Дончо пак бил осуден на 101 година затвор во прангии, а оваа казна подоцна му била намалена на 15 години. Ѓорче Петров за храброста на Дончо кажал:

*Доне си создаде име во организацијата како прататко на тврдоста при најголемите страдања. Така се создаде традиција, еден дух да не се искажува, да не се издава ништо...*

Неговиот подвик бил опеан од Пејо Јаворов со кого имале и лично познанство, како и од Димитар Талев кој црпел сведоштва од жена му Катерина, а херојството на Дончо е воспеано од битолчани во позната револуционерна песна Ми товарил калеш Дончо:

*Го фрлија калеш Дончо*

*Во темни занадани,*

*Го мачеја пусти Турци*

*Во тесни долапи...*

Дончо во битолскиот затвор се нашол со организациските луѓе Јордан Гавазов и Стојан Лазов, а заедно го нападнале просрпскиот настроен Мицко Крстевски кои 4 пати бил прободен со нож, а Дончо поради тоа се нашол нови три месеци во 'долапот' со димензии метар на метар на метар и 50,каде што бил затворен и првите 6 месеци. По Грчко-турската војна, Бугарија поради својата неутралност меѓу другото издејствувала амнестија за сите политички затворени бугари (*македонци егзархисти*), а Дончо заедно со други 9 затвореници бил ослободен на 20 октомври 1897 година. По излегувањето од затвор заминал за Штип, но повторно бил баран од турските власти и затоа со своето семејство заминал за Бугарија зимата на 1897/98 година и се населил во Ќустендил.

Дончо ја продолжил својата револуционерна дејност и продолжил да пренесува товари со својте коњи. По смрта на Даме Груев се приклонил кон Христо Матов и Тодор Александров, а својата дејност ја продолжил во ВМРО (Автономистичка) се до 1922 година кога му се влошило здравјето.

Дончо умрел на 15 април 1931 година во Ќустендил..

Извори

Крупишки Н.Дуков Г.-Дончо Штипјанчето - првиот курир на Гоце Делчев.Според

спомените и сведоштвата на неговата керка Елена Тошева-Рашенова.Штип 1995/6 изд.Штампа

Спомени на Гьорчо Петровъ